# Комплет за земање мостра од вагината

Упатства за самостојно земање

visby medical™

### **ЧЕКОР 1** Отворете го комплетот




Измијте ги рацете и соблечете се од половината надолу.

Отворете го комплетот од Visby за земање мостра од вагината и поставете ја епруветата настрана.

### **ЧЕКОР 2** Отворете брис



Одвиткајте го брисот.

⚠ Не допирајте го мекиот врв од брисот со прстот или со каква било површина. Доколку го направите тоа или доколку брисот нема врв, фрлете го и започнете одново со нов комплет.

### **ЧЕКОР 3** Задржете го брисот



Држете го брисот во раката поставувајќи го помеѓу палецот и показалецот.

Внимателно вметнете го мекиот врв од брисот околу 5 cm (2 инчи) во отворот на вагината.

### **ЧЕКОР 4** Земете примерок




Нежно ротирајте го брисот 10 – 30 секунди, осигурувајќи дека брисот ги допира вагиналните ѕидови.

⚠ Отстранете го брисот и **држете го во раката за време на чекор 5.**

### **ЧЕКОР 5** Отворете ја епруветата



Внимателно одвртете го капачето осигурувајќи дека мекиот врв од брисот не допира ништо. Поставете го настрана капачето.

### **ЧЕКОР 6** Вметнете го брисот



Задржете го отворот од епруветата подалеку од себе и внимателно вметнете го мекиот врв од брисот во епруветата.

### **ЧЕКОР 7** Допрете со брисот на дното




Нежно допрете со брисот на дното од епруветата и задржете 15 секунди. Избегнете прскање на течноста.
**Подигнете го брисот од епруветата и соодветно фрлете го истиот.**

### **ЧЕКОР 8** Враќање на епруветата



Цврсто завртете го капачето на епруветата.

Измијте ги рацете со сапун и вода. Вратете ја назад епруветата на вашиот давател на нега.

visby medical™

# Сексуално здравје

## Важни информации

**За употреба со тест за сексуално здравје од Visby Medical**

⚠ Корисниците треба да ја прочитаат целата процедура за земање пред да го извршат самостојното земање на мостра. За повеќе информации, ве молиме разгледајте ги упатствата за употреба на комплетот за земање мостра од вагината.

⚠ Овој комплет за земање мостра може да содржи надразнувачи. Не ја голтајте содржината од епруветата. Доколку содржината од епруветата ви навлезе во очите, измијте ги очите со вода. Доколку содржината дојде во контакт со кожата, измијте со сапун и вода. Доколку иритацијата продолжи, известете го давателот на здравствена нега.

⚠ Примерок не треба да се зема доколку во последните 48 часа во пределот на гениталиите се употребени или е извршено: туширање, миење, лубриканти, вагинални марамчиња, вагинални навлажнувачи, антиперспиранти, дезодоранси или спреј за женска хигиена.

⚠ Не го вметнувајте брисот во вагината повеќе од приближно 5 cm (2 инчи).

⚠ ДОКОЛКУ СТЕ БРЕМЕНИ, ве молиме информирајте го вашиот давател на здравствена нега.

⚠ Пред да земете мостра со вагинален брис, информирајте го вашиот давател на здравствена нега доколку сте имале или имате:

- неодамнешна болка во регијата на карлицата
- болка при сексуален однос
- необичен вагинален исцедок или лош мирис

Овие симптоми може да се должат на воспалителна болест на карлицата (pelvic inflammatory disease, PID). Навремената дијагноза и третман на PID може да помогне во спречување на неплодност и ектопична бременост поврзани со PID.

Visby Medical, Inc.
3010 North First Street
San Jose, CA 95134

IVD    Rx Only

За дополнителни информации, разгледајте ги упатствата за употреба на комплетот за земање мостра од вагината за сексуално здравје од Visby Medical (**https://www.visby.com/vaginal-collection-IFU/**).
Отпечатена копија може да се побара од службата за корисници на Visby Medical на **1-833-468-4729 (1-833-GoVisby)** или **support@visby.com**.